Универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
***Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,***
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
***М-р Марија Маневска,***
**генерален секретар**

**Лектор**
***Весна Илиевска-Цветановска***

**Техничко уредување**
***Зоран Кордоски***

**Печати**
***ЧОКОЛОГРАФИЈА***

**Тираж**
***90***

# СОДРЖИНА

**ПРАВИЛНИК**
за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ..............................3

**ПРАВИЛНИК**
за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст)* ..................................5

**ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Одлуката за висината на авторските хонорари за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ............................12

**ОДЛУКА**
за висината на авторските хонорари и други трошоци за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст) .................................13

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 27 и член 57, став 1, алинеја 8 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016) и членовите 279, 280 и 281 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 18. седница одржана на 5.2.2018 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

### Член 1

Во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр.02-453 од 27.5.2010 година (Универзитетски гласник бр. 153/2010 и бр. 02-965/6 од 28.10.2013 година, Универзитетски гласник бр. 264/2013), по членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Изданијата од член 2, став 1 од овој Правилник не смеат да содржат дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија.

Во случај на постоење на дискриминација, одговорен е авторот, односно авторите и рецензентот, односно рецензентите.“

Во главата III, по зборот „НАСТАВНО“ се става цртичка и се додаваат зборовите: „ОБРАЗОВНАТА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ“.

### Член 2

Во член 9, став 1, зборот “научната“ се заменува со зборот “научно-истражувачката“, во ставот 2 се брише зборот “авторски“, а во ставовите 3 и 4, зборот “издание“ се заменува со зборот “труд“. Во ставот 5, пред зборот “Стручно“ се става коса црта и се додава зборот “Научно“, зборовите “одредена научна област“ се заменуваат со зборовите “одредено научно подрачје/поле согласно со закон“ и се додава нов став 6, кој гласи: “**Меѓународно научно списание** со уредувачки одбор е издание во кое се содржани повеќе научноистражувачки трудови од одредено научно подрачје/поле согласно со закон.“ Во ставот 7, кој станува став 8, по зборот “трактат“ се додаваат зборовите: “на еден единствен предмет или група сродни предмети“, додека зборовите: “се издава еднократно и“ и “и се разликува од сериски публикации“ се бришат. По ставот 8, кој станува став 9, се додава нов став 9, кој гласи: “Е-изданието се објавува на веб-страниците на Универзитетот и на соодветната единица.“

### Член 3

Во член 13, по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи: “изготвува план и програма за издавачка дејност за секоја академска година;“ и по алинејата 2, која станува алинеја 3, се додава нова алинеја 4, која гласи: “го предлага точниот број на тиражот за изданијата;“

### Член 4

Во член 15, став 2 се додава нова алинеја, која гласи: „планиран број на авторски табаци“, и се додава нов став 3, кој гласи: „Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, по предлог на Комисијата за издавачка дејност, се утврдуваат од страна на Ректорската управа на Универзитетот.“

### Член 5

**Во член 18, ставот 4 станува став 3 и ставот 3 станува став 4. Во ставот 3, кој станува став 4, зборовите: “Извештаите од**

**рецензентите“ се заменуваат со зборовите: “Објавените рецензии“.**

**Член 6**

Во член 19, став 3, по алинејата 6 се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„- изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија;
- изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник;
- други елементи.“

Во ставот 4, зборовите: „ Рецензентскиот извештај“ се заменуваат со зборовите: „Рецензијата објавена во Билтен“, зборот „чукани“ се брише и по зборот „проред“ се додава бројот „1".

Во ставот 5, зборот „одбива“ се брише и по зборот „рецензијата“ се додаваат зборовите: „на доработка“.

**Член 7**

Во член 22, став 3, зборот „Конечна“ се заменува со зборовите: „Ректорот донесува“ и се бришат зборовите: „донесува ректорот“. Во ставот 6, по зборот „помагало“ се додаваат зборовите: „или нема обезбедени средства за издавање“.

**Член 8**

По членот 25-б се додава нов член 25-в, кој гласи:

„Доколку изданието е објавено во е-форма не може да се печати и во материјална форма на трошок на Универзитетот.“

Се додава нова глава која гласи:

**„В-б. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРУГИ ИЗДАНИЈА**

**Член 25-г**

Постапката за издавање на монографии, студии, списанија, годишници, зборници и друга приречна литература започнува со доставување на барање од единицата за издавање на изданието.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, по предлог на Комисијата за издавачка дејност, се утврдуваат од страна на Ректорската управа на Универзитетот.

Комисијата за издавачка дејност дава мислење за исполнетоста на условите за издавање на изданијата од став 1 на овој член.

Конечна одлука за издавање на изданијата, за начинот на издавање (печатена или електронска форма) и за тиражот донесува ректорот.

Ако Комисијата утврди дека не се исполнети условите за издавање или доколку ректорот го одбие издавањето, се постапува согласно со член 22, ставови 4, 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 25-д**

Другите изданија: студија, стручно списание, годишник-зборник се рецензираат по постапка утврдена со овој Правилник, а можат да се употребуваат за наставно-образовниот и научниот процес доколку е утврдено со одлуките на единицата.“

**Член 9**

Во членот 27, бројот „50" се заменува со бројот „35" и бројот „30" се заменува со бројот „25".

**Член 10**

Главата Џ станува глава ИЏ и членот 32 се брише. Членовите 33 и 34 стануваат членови 32 и 33.

**Член 11**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 27 и член 57, став 1, алинеја 8 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016) и членовите 279, 280 и 281 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитескиот сенат, на 18. седница одржана на 5.2.2018 година, го утврди следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст)*

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи, организирањето и остварувањето на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, друга прирачна литература, гласила, издавање соодветни обрасци за потребите на Универзитетот (во натамошниот текст: изданија) и други материјали во печатена или електронска форма.

Учебниците и учебните помагала од став 1 на овој член не можат да се употребуваат во наставно-образовниот процес доколку не се издадени во согласност со овој Правилник.

**Член 2-а**

Изданијата од член 2, став 1 од овој Правилник не смеат да содржат дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија.

Во случај на постоење на дискриминација, одговорен е авторот, односно авторите и рецензентот, односно рецензентите.

**Член 3**

Издавачката дејност на Универзитетот и единиците се реализира врз основа на средствата планирани за издавачка дејност на Универзитетот и единиците.

Учебниците и учебните помагала ги издава Универзитетот во рамките на средствата обезбедени за издавачка дејност.

Доколку не бидат обезбедени средства од Универзитетот, учебникот, односно учебното помагало може да го издаде единицата или друга организација, односно авторот самостојно или преку издавачка организација, согласно со одредбите од овој Правилник.

Другите изданија од член 2, став 1 на овој Правилник (освен јавните гласила на Универзитетот и обрасците) можат да бидат издадени од страна на единицата или Универзитетот. За издавање од страна на Универзитетот одлучува ректорот. Доколку не бидат обезбедени средства од единицата, односно Универзитетот, изданието може да го издаде друга организација, односно авторот самостојно или преку издавачка организација.

**Член 4**

За издавачката дејност на Универзитетот одлучува Ректорската управа на Универзитетот, односно надлежен орган на единицата доколку поинаку не е утврдено со овој Правилник.

**Член 5**

Универзитетот, во областа на издавачката дејност, врши:
- утврдување на состојбите и потребите од универзитетски изданија;
- објавување на универзитетските изданија во печатена форма (печатење);
- објавување на универзитетските изданија во електронска форма (електронско издавање);

- печатење и продажба на изданијата;
- обезбедување информираност на студентите за издавачката дејност на Универзитетот;
- унапредување и осовременување на издавачката дејност;
- обезбедување на материјални средства за издавачка дејност;
- координирање на активностите во издавачката дејност со другите универзитети и другите издавачи во Република Македонија;
- преведувачка дејност на квалитетни меѓународно афирмирани учебници;
- други мерки и активности.

## II. СРЕДСТВА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 6**

Средствата за издавачката дејност се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија;
- средствата за интегративните функции на Универзитетот;
- средствата на единиците;
- непосредната соработка со правни и физички лица и други установи;
- продажбата на печатени и електронски изданија;
- членарината за користење дигитална библиотека и електронско издаваштво;
- други извори.

**Член 7**

Избришан.

**Член 8**

Од средствата за издавачка дејност се покриваат трошоците за: авторски хонорар, печатење, електронско издаваштво, продажба и маркетинг.

## III. ИЗДАНИЈА НАМЕНЕТИ ЗА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

**Член 9**

Издавачката дејност за потребите на наставно-образовната и научноистражувачката дејност се состои од издавање на учебници, учебни помагала, студии, стручни списанија, монографии, годишници-зборници и сл.

**Учебник** претставува труд изработен според соодветна предметна програма за реализација на студиска програма.

**Учебно помагало** претставува труд во вид на скрипта, практикум, хрестоматија /одбрани текстови/, збирки задачи, речник и сл. во функција на реализација на предметна програма.

**Студија** претставува труд во кој се содржани самостојни научноистражувачки резултати кои значат значаен и оригинален придонес во научна област.

**Научно/стручно списание** е издание во кое се содржани повеќе стручни трудови од одредено научно подрачје/поле согласно со закон.

**Меѓународно научно списание** со уредувачки одбор е издание во кое се содржани повеќе научноистражувачки трудови од одредено научно подрачје/поле согласно со закон.

**Годишник-зборник** е редовно издание во кое се содржани трудови на наставно-научните и соработничките кадри на единицата.

**Монографија** е академска книга или трактат на еден единствен предмет или група сродни предмети, несериска публикација која е целосна самата за себе. Монографијата се издава еднократно, во еден том или во однапред дефиниран број на томови и опфаќа една единствена тема или област, во авторство на еден или повеќе автори.

**Електронско издание, или скратено е-издание,** претставува форма на издавање на материјалите од член 2, став 1 на електронски мемориски уред (*ЦД, ДВД, УСБ*, преку интернет-врска и слично), имајќи ги предвид законските одредби за почитување на авторските и други права на субјектите вклучени во изработката на материјалот.

Е-изданието се објавува на веб-страниците на Универзитетот и на соодветната единица.

## IV. КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ОБЕМ И ТИРАЖ НА УЧЕБНИЦИТЕ И УЧЕБНИТЕ ПОМАГАЛА

**Член 10**

Бројот на авторските табаци на учебникот (во печатена или електронска

форма) не смее да ја надмине половината од бројот на часовите предвидени за предавања, а бројот на авторските табаци на учебното помагало не смее да ја надмине половината на часовите предвидени за вежби.

**Член 11**

Тиражот на учебникот, односно учебното помагало се определува во зависност од бројот на студентите за кои тоа е наменето, поаѓајќи од претпоставката дека треба да ги задоволи потребите за најмалку три години.

По проценка на комисијата за издавачка дејност, до исполнување на тиражот, изданието може да се печати во неколку наврати, согласно со потребите.

## IV-a. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 12**

За реализација на издавачкиот план и за организирање и унапредување на издавачката дејност, Ректорската управа формира Комисија за издавачка дејност.

На факултетите, односно институтите се формира соодветно тело за издавачка дејност.

**Член 13**

Комисијата на Универзитетот:

- ја организира издавачката дејност на Универзитетот и предлага мерки за нејзино унапредување;
- изготвува план и програма за издавачка дејност за секоја академска година;
- објавува годишен конкурс за финансирање на издавачката дејност;
- го предлага точниот број на тиражот за изданијата;
- ги утврдува цените и надоместоците за продажба и користење на електронските изданија и дигиталната библиотека;
- ги утврдува продажните цени на учебниците и учебните помагала;
- одлучува за исполнетоста на условите за издавање учебници, односно учебни помагала;
- врши и други работи од овој Правилник и актите на Универзитетот.

**Член 14**

Надлежностите на соодветното тело на единицата се утврдуваат со нивен акт.

## V. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ И УЧЕБНИ ПОМАГАЛА

**Член 15**

Постапката за издавање на учебник и учебно помагало започнува со поднесу вање на писмено барање од авторот (авторите), до наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на научниот институт.

Во образложението кон барањето, авторот треба да го цитира насловот на делото и да ги даде следниве податоци:

- за кој предмет по студиската програма и за потребите на кои студенти е наменет ракописот, а за кого уште може да послужи;
- за покриеноста на наставната содржина со предвидениот ракопис;
- за постоењето на учебник и учебно помагало по соодветниот предмет, издадени на странски јазик;
- за очекуваниот број на студенти кои ќе го користат учебникот;
- за категоризацијата на учебникот;
- планираниот број на авторски табаци.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, по предлог на Комисијата за издавачка дејност, се утврдуваат од страна на Ректорската управа на Универзитетот.

**Член 16**

Наставно-научниот совет, односно научниот совет ја утврдува потребата за издавање учебник, односно учебно помагало, и доколку утврди потреба, избира најмалку двајца рецензенти, специјалисти од потесната научна област на која се однесува трудот. Рецензентите се избираат по предлог на соодветна организациона единица на единицата.

**Член 17**

Доколку наставно-научниот совет, односно научниот совет ја утврди потребата, писмено го известува авторот, кој е должен својот ракопис да го достави во печатена форма, на македонски јазик или на еден од

јазиците на албанската и турската заедница, кога ракописот се издава на Катедрата за албански или турски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ или Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, односно на соодветен странски јазик за потребите на катедрите за странски јазици на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Цртежите и другите графички прилози авторот е должен да ги достави јасно исцртани со димензии соодветни на димензиите во кои ќе бидат објавени во делото.

**Член 18**

Рецензентите се должни во рок од два месеца, сметано од денот кога им е доставена одлуката, да доставаат рецензија во два примерока, напишана на македонски јазик.

Ако рецензентите во рокот утврден со став 2 од овој член не достават рецензија, наставно-научниот совет, односно научниот совет, на наредната седница избира нови рецензенти.

Рецензиите се објавуваат во Билтенот на Универзитетот.

Објавените рецензии се усвојуваат од страна на наставно-научниот совет, односно научниот совет.

**Член 19**

Рецензентите пишуваат заеднички дел и посебни делови на рецензија за трудот што е предмет на рецензирање.

Заедничкиот дел од рецензијата содржи

- назив на учебникот, односно учебното помагало;
- назив на предметната програма за која се однесува;
- назив на студиската програма;
- фонд на часови настава и ЕКТС-кредити;
- име и презиме на авторот (авторите);
- времето и актот на изборот на рецензентите;
- дали се работи за прво издание или не;
- кога не се работи за прво издание, во колкава мера тоа се разликува од претходното;
- општи податоци за учебникот, односно учебното помагало (број на страници, прилози, заглавија или делови и сл.);

Извештајот на посебните делови на секој рецензент треба да ги содржи следниве основни податоци:

- краток опис на содржината;
- оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма;
- оцена на учебникот, односно учебното помагало;
- категоризација (учебник или учебно помагало);
- заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот;
- предлози за потребни корекции;
- изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија;
- изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник;
- други елементи.

Рецензијата, објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници со проред 1.

Доколку во рецензијата не се содржани овие податоци, наставно-научниот совет, односно научниот совет ја враќа рецензијата на доработка.

Доколку наставно-научниот совет, односно научниот совет не ја усвои рецензијата, учебникот, односно учебното помагало не може да се издаде.

**Член 20**

Доколку и двете рецензии се негативни, постапката за печа тење на трудот се прекинува.

Ако една од рецензиите е негативна, наставно-научниот совет, односно научниот совет може да назначи и трет рецензент кој ќе има иста задача како и претходните два. Во тој случај, само доколку и третата рецензија е позитивна и е прифатена од наставно-научниот совет, може да се започне со постапка за издавање на учебникот, односно учебното помагало.

Авторот е должен да постапи по забелешките на рецензентите.

**Член 21**

Доколку двете рецензии се усвоени, единицата донесува одлука за издавање на учебникот, односно учебното помагало.

Одлуката од став 1 на овој задолжително член содржи:

- назив на учебникот, односно учебното помагало;
- име и презиме на авторот (авторите);
- назив на предметната програма за која се однесува;
- назив на студиската програма;
- фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот;
- број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник;
- дали се работи за прво издание или не;
- предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма е потребна согласност од авторот;
- предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов.

По донесувањето на одлуката, единицата може да учествува на годишниот конкурс за финансирање на издавачката дејност.

Пријавата за учество на конкурсот се доставува до Комисијата за издавачка дејност на Универзитетот.

Кон пријавата се доставува:

- ранг - листа на наставно-научниот, односно на научниот совет на единицата за приоритетот за објавување на предложените наслови за учебници и учебни помагала;
- одлука од наставно-научниот, односно на научниот совет за објавување на секој поединечен наслов;
- објавените и усвоени рецензии за секој поединечен наслов;
- информација дали постои преведен учебник, односно учебно помагало согласно со Програмата на Владата на Република Македонија.

**Член 22**

Комисијата за издавачка дејност ги разгледува пријавите на единиците на Универзитетот доставени по објавениот Конкурс, утврдува дали учебникот, односно учебното помагало ги исполнува условите и дали постапката е спроведена според одредбите на овој Правилник и доколку го прифати предлогот на единицата донесува одлука за исполнетост на условите за издавање на учебникот, односно учебното помагало од страна на Универзитетот.

Одлуката од претходниот став на овој член содржи:

- наслов на учебникот, односно учебното помагало;
- име и презиме на авторот, односно авторите;
- назив на единицата;
- назив на предметната програма;
- назив на студиската програма;
- број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник;
- дали се работи за прво издание или не;
- предлог за начинот на издавање (печатена или електронска форма);
- предлог за тиражот за издавање во печатена форма;
- пресметана цена на чинење.

Ректорот донесува одлука за издавање на учебникот, односно учебното помагало, за начинот на издавање (печатена или електронска форма) и за тиражот.

Доколку ректорот го одбие издавањето, учебникот, односно учебното помагало може да се издаде согласно со член 3, став 3 од овој Правилник.

Доколку е предложено издавање во печатена форма, ректорот, по претходна согласност од авторот, може да одлучи учебникот, односно учебното помагало да се издаде во електронска форма.

Ако Комисијата утврди дека не се исполнети условите за издавање на учебникот, односно учебното помагало, или нема обезбедени средства за издавање, ја известува единицата.

**Член 22-а**

Поблиски критериуми за исполнување на условите и за издавање на учебник, односно учебно помагало, донесува Ректорската управа.

**Член 23**

За повторните изданија кои не претрпуваат измени поголеми од 25 % од вкупната содржина се доставува предлог од единицата за оправданоста на повторното издание. Во предлогот е содржан и тиражот за новото издание.

За изданија со измени поголеми од 25 % од содржината на претходното издание се применува целосно постапката како за првото издание.

За повторните изданија е потребно да се поднесе и потврда од издавачот дека изданието е распродадено најмалку 80 %.

**Член 24**

Учебниците и учебните помагала во издание на Универзитетот, покрај насловот и името на авторот, односно авторите, во заглавието ги носат називот и логото на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и називот и логото на единицата.

На внатрешната страница на насловниот лист (во поткорицата) се отпечатуваат називот на издавачот - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бројот на одлуката на ректорот, категоризацијата на изданието, имињата на рецензентите и други податоци.

**Член 25**

Ако наставно-научен работник предлага да се преведе некој учебник или учебно помагало од друг јазик на македонски јазик, постапката е идентична со онаа за оригинален ракопис, со тоа што треба да се добие и согласност од авторот за преведување на неговото дело доколку за тоа има потреба.

## V-а ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАВАШТВО И ДИГИТАЛНА БИБЛИОТЕКА

**Член 25-а**

Електронско издаваштво претставува форма на издавање на учебници, учебни помагала, студии, стручни списанија, годишници-зборници, монографии и сл., каде што содржината на изданието се пренесува, се прима, се чува и се пристапува до неа со помош на електронски средства.

Постапката за објавување на универзитетските изданија во електронска форма (електронско издавање) е иста со постапката за објавување издание во печатена форма.

**Член 25-б**

За целите на складирање на електронските изданија, обезбедување пристап, користење, продажба, членување и други прашања поврзани со електронското издаваштво, Универзитетот може да формира универзитетска дигитална библиотека.

Ректорската управа донесува Правилник за дигитална библиотека со кој поблиску се регулираат прашањата од став 1 на овој член, како и прашањата поврзани со начинот на објавувањето на електронските изданија, условите и начинот на кој се остварува правото на пристап до е-изданијата, заштитата на авторските права кај електронските изданија и други прашања поврзани со формирањето и работењето на универзитетската дигитална библиотека.

**Член 25-в**

Доколку изданието е објавено во е-форма, не може да се печати и во материјална форма на трошок на Универзитетот.

## V-b. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРУГИ ИЗДАНИЈА

**Член 25-г**

Постапката за издавање на монографии, студии, списанија, годишници, зборници и друга прирачна литература започнува со доставување на барање од единицата за издавање на изданието.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член, по предлог на Комисијата за издавачка дејност, се утврдуваат од страна на Ректорската управа на Универзитетот.

Комисијата за издавачка дејност дава мислење за исполнетоста на условите за издавање на изданијата од став 1 на овој член.

Конечна одлука за издавање на изданијата, за начинот на издавање (печатена или електронска форма) и за тиражот донесува ректорот.

Ако Комисијата утврди дека не се исполнети условите за издавање или доколку ректорот го одбие издавањето, се постапува

согласно со член 22, ставови 4, 5 и 6 од овој Правилник.

**Член 25-д**

Другите изданија, како што се: студија, стручно списание, годишник-зборник, се рецензираат по постапка утврдена со овој Правилник, а можат да се употребуваат за наставно-образовниот и научниот процес доколку е утврдено со одлуките на единицата.

## VI. АВТОРСКИ ХОНОРАРИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 26**

Висината на авторските хонорари и другите трошоци за издавање на учебниците и учебните помагала што ги издава Универзитетот се утврдуваат (во печатена или во електронска форма) од страна на Ректорската управа.

**Член 27**

За повторно издание без промени и со промени до 25 %, на авторот му припаѓа авторски хонорар во износ од 35 %, за трето и понатамошно издание – 25 % од постојната висина на авторскиот хонорар, а за учебници во кои промените се преку 25 %, на авторот му припаѓа цел износ за авторски хонорар.

**Член 28**

Доколку во предвидениот период од 3 години се појави потреба од дополнително печатење заради несоодветно определен тираж, на авторот не му следува надоместок на име авторски хонорар или, пак, по која и да било друга основа.

**Член 29**

На авторот, по првото издание на ракописот му следуваат 20, а при следните неизменети изданија, како и при измени до 25 %, 10 бесплатни примероци.

## VII. ЦЕНА НА ИЗДАНИЈАТА

**Член 30**

При формирањето на цената на изданијата се користи методологијата според која цената на изданијата ја чинат:

- печатарски трошоци;
- трошоци за авторски хонорар;
- пласман и продажба на учебникот;
- финансиско-евиденциони и режиски работи;
- трошоци за електронско издавање;
- друго.

## VIII. ПРОМОЦИЈА НА УЧЕБНИЦИ

**Член 31**

Универзитетот врши промоција на учебници и други изданија кои се од посебно значење и придонесуваат за унапредувањето и развојот на наставно-научната и научноистражувачката работа на Универзитетот и пошироко во Републиката.

Промоцијата на учебник се организира од страна на Универзитетот, во соработка со единицата.

Промоцијата на учебникот се врши во пригодна свеченост, на која пошироката јавност се запознава со учебникот што се промовира.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*(од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 153/2010)*

**Член 32**

Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, усвоен на 9. седница на Универзитетската управа, одржана на 14 април 1995 година.

**Член 33**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*(од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 264/ 2013)*

**Член 24**

Започнатите постапки за издавање на учебници и учебни помагала пред влегувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според одредбите од Правилникот

за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 153/2010.

Со согласност на авторот, односно авторите, учебниците и учебните помагала кои не се издадени, а за кои е започната постапката за издавање, можат да се издадат во електронска форма.

**Член 25**

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

*Пречистениот текст ги опфаќа:

- *Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,* бр.02-453 од 27.5.2010 година (*Универзитетски гласник бр. 153/2010)*
- *Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,* бр. 02-965/6 од 28.10.2013 година (*Универзитетски гласник бр. 264/2013)*
- *Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,* бр. 02-176/43 од 29.1.2018 година *(Универзитетски гласник бр. 397/2017).*

---

Врз основа на член 150, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 153/2010 и бр. 264/2013), Ректорската управа, на 224. седница одржана на 29.1.2018 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за висината на авторските хонорари за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Во Одлуката за висината на авторските хонорари за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 286/ 2014), во насловот по зборот „хонорари“ се додаваат зборовите: „и други трошоци“.

**Член 2**

Во член 1, по зборот „хонорари“ се додаваат зборовите: „и други трошоци“.

**Член 3**

Во член 2, ставот 2 се менува и гласи:

„Авторскиот табак (1АТ) *** од став 1 на овој член опфаќа:

- вкупен број на страници/16 на А4-формат, со големина на фонтот 11, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома;
- 18 страници на В5-формат, со големина на фонтот 11, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома;
- 20 страници на В5-формат, со фонт 12, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома.

Надоместокот за еден авторски табак, во нето износ изнесува:

- за учебник 6.510,00 денари
- за учебно помагало 5.460,00 денари“.

**Член 4**

По членот 2 се додаваат нови членови 2-а и 2-б, кои гласат:

**„Член 2-а**

За повторно издание без промени и со промени до 25 %, на авторот му припаѓа авторски хонорар, за еден авторски табак, во износ:

- за учебник 2.279,00 денари
- за учебно помагало 1.911,00 денари.

За трето издание, без промени и со промени до 25 % и понатамошно издание, на авторот му припаѓа авторски хонорар, за еден авторски табак, во износ:

- за учебник 1.628,00 денари
- за учебно помагало 1.365,00 денари.

За учебници или учебни помагала, во кои промените се преку 25 %, на авторот му припаѓа цел износ за авторски хонорар.

Авторскиот хонорар се пресметува врз основа на обемот на финалната верзија на изданието, пред неговото објавување.

**Член 2-б**

За издавање научно/стручно списание и меѓународно научно списание со уредувачки одбор, Комисијата за издавачка дејност, доколку го прифати изданието, донесува предлог-одлука за покривање на дел од трошоците за секое списание.

Предлог-одлуката од став 1 на овој член се доставува до ректорот за донесување конечна одлука.

Трошоците од став 1 на овој член се наменети за техничка и графичка поддршка и печатење.“

**Член 5**

Во член 3, по бројот „2013" се додаваат зборовите: „и бр.__/2017".

**Член 6**

Во член 4, пред зборот „објавувањето“ се додава зборот „по“ и зборот „делото“ се заменува со зборовите: „изданието и во зависност од средствата обезбедени за издавачка дејност“.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

---

Врз основа на член 150, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 153/2010 и бр. 264/2013), Ректорската управа, на 224. седница одржана на 29.1.2018 година, ја утврди следнава

# О Д Л У К А
## за висината на авторските хонорари и други трошоци за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

(пречистен текст)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на авторските хонорари и другите трошоци за изданијата кои ги објавува Универзитетот.

**Член 2**

Надоместокот на авторскиот хонорар на авторите е за еден авторски табак.

Авторскиот табак (1АТ) *** од став 1 на овој член опфаќа:

- вкупен број на страници/16 на А4-формат, со големина на фонтот 11, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома;
- 18 страници на В5-формат, со големина на фонтот 11, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома;
- 20 страници на В5-формат, со фонт 12, проред 1 (сингле) и со фонт Тахома.

Надоместокот за еден авторски табак, во нето износ изнесува:

- за учебник 6.510,00 денари
- за учебно помагало 5.460,00 денари.

**Член 2-а**

За повторно издание без промени и со промени до 25 %, на авторот му припаѓа авторски хонорар, за еден авторски табак, во износ:

- за учебник 2.279,00 денари
- за учебно помагало 1.911,00 денари.

За трето издание, без промени и со промени до 25 % и понатамошно издание, на авторот му припаѓа авторски хонорар, за еден авторски табак, во износ:

- за учебник 1.628,00 денари
- за учебно помагало 1.365,00 денари.

За учебници или учебни помагала, во кои промените се преку 25 %, на авторот му припаѓа цел износ за авторски хонорар.

Авторскиот хонорар се пресметува врз основа на обемот на финалната верзија на изданието, пред неговото објавување.

**Член 2-б**

За издавање научно/стручно списание и меѓународно научно списание со уредувачки одбор, Комисијата за издавачка дејност, доколку го прифати изданието, донесува предлог-одлука за покривање на дел од трошоците за секое списание.

Предлог-одлуката од став 1 на овој член се доставува до ректорот за донесување конечна одлука.

Трошоците од став 1 на овој член се наменети за техничка и графичка поддршка и печатење.

**Член 3**

За изданијата кај кои бројот на авторските табаци е поголем од бројот утврден со член 10 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот (Универзитетски гласник бр. 153/2010, бр. 264/2013 и бр.__/2017), се исплатува авторски хонорар само за дозволениот број авторски табаци.

**Член 4**

Авторските хонорари од член 2 од оваа Одлука се исплатуваат од средствата за издавачка дејност на Универзитетот, по објавувањето на изданието и во зависност од средствата обезбедени за издавачка дејност.

***

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за висината на авторските и другите хонорари за издавачката дејност на Универзитетот бр. 02-494/10 од 21.5.2012 година.

Авторските хонорари за изданијата за кои е донесена одлука за издавање и кои се во постапка за издавање ќе се исплатат согласно со член 2 од оваа Одлука.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**